# ЗАПИСНИК

## од Втора форумска сесија на буџетски форум во Општина Битола

**Датум:** 10.11.2023**, Место:** Хотел Премиер, Битола **Час:** 11:00-14:30
**Присутни граѓани:** Вкупно: 32
Мажи: 18 Жени: 14
**Модератор:** Рубин Николоски, **Ко-модератори:** Катерина Ѓорѓиевска, Зоран Здравески;

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

Добредојде, дневен ред и цели на втората форумска сесија;

Усвојување на Записник од првата форумска сесија;

Презентација - структура на буџетот на Општина Битола во проценти;

Презентација - приоритети за развој на Општина Битола за 2024;

Презентација на сработеното во периодот помеѓу двете сесии, дискусија и усвојување на предлози;

Презентирање на повратни информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија;

Пауза

Преглед на планирани/реализирани приходи на Општина Битола за 2023 г. до 30.09.2022
- презентација и дискусија;

Проекција на приходи на Општина Битола за 2024 година;

- презентација, дискусија и предлози од граѓаните;

Расходи по програмите предложени на прва форумска сесија презентација и дискусија;

Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група, информација за термин за трета форумска сесија и оценка на форумската сесија.

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Втората форумска сесија се реализираше според претходно утврдената агенда. Истата ја отвори форумскиот модератор кој ги поздрави присутните и накратко ја објасни целта на сесијата и ги повтори деталите на форумскиот процес односно неговите клучни барања, цели и методи како и неговата организациона структура. Со цел поефикасна работа на форумот, од страна на модераторот беа презентирани правилата за работа на истиот кои беа заеднички утврдени за време на првата форумска сесија, вклучително и правилата за присуство и право на глас на

четврта форумска сесија. Пред форумот да продолжи со работа, дел од присутните учесници побараа содржинска интервенција во Записникот од првата форумска сесија (додавање на предложени идеи од Првата сесија и од работата помеѓу сесии) како предуслов за негово едногласно усвојување.

Во понатамошниот дел на сесијата, од страна на стручните лица на Општина Битола кои се дел од работната група беше извршена презентација на структурата на буџетот на Општина Битола во проценти, беа презентирани приоритетите за развој на Општина Битола за 2024, потоа планираните/реализирани приходи на Општина Битола за 2023 година до 30.09.2023 и беше презентирана и проекцијата на приходите на Општина Битола за 2024 година. Поврзано со овие презентации, форумот продолжи со дискусија на која посебен акцент беше ставен на разграничувањето на мандатот и обврските на органите на локалната самоуправа особено во делот на предлагањето на политики и носењето на одлуки.

По завршувањето на дискусијата од страна на модераторот беа презентирани програмите кои форумските учесници ги утврдија на првата форумска сесија за понатамошно разгледување на следните сесии:

- Програма за социјална заштита;
- Програма за урбанистичко планирање;
- Програма за развојни планови;
- Програма за уредување на градежно земјиште;
- Програма за локален економски развој;
- Програма за активности во областа на спортот и младите;
- Програма за заштита на животната средина и природа;
- Програма за култура.

Во следниот дел од сесијата, од страна на форумскиот модератор беше извршена презентација на сработеното на работната група и беа презентирани повратните информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од првата сесија. По презентацијата следеше дискусија чии заклучоци се дадени подолу во соодветната секција на овој Записник.

Присутните учесници на втората форумска сесија, за време на истата, но и по писмен пат во периодот помеѓу двете сесии ги предложија следните буџетски приоритети кои треба да бидат предмет на разгледување за време на работата помеѓу сесии како и за време на третата форумска сесија:

- Пренамена на простор од поранешен Студентски Дом на ул. Батаљон Стив Наумов во катна гаража (паркинг простор).
- Хортикултурно решение (уредување) на дворот во ФИКТ.
- Поквалитетно образование за децата, младите и возрасните од ромската заедница во Битола како долгорочна политика за превенција на детско и возрасно престапништво (формирање на Комисија).
- Младински центар-капитална инвестиција-дополнителен простор за функционирање на Младинскиот центар како и простор за останатите актери поврзани со младите во Битола.
- Обезбедување на буџет за реновирање и оспособување на Младинскиот центар (опрема.).
- Уредување на надворешен простор на Младински центар (паркинг, корпи за отпадоци.).
- Младински центар-програмска инвестиција-значително зголемување за буџетот за младински центар за реално и целосно постигнување на улогата произлезена од Законот за младинско учество и младински политики (персонал, активности, одржување.).
- Издвојување на посебен буџет за млади и младински активности (сите актери кои работат во

младинскиот сектор да имаат пристап до финансирање/кофинансирање на своите активности и да се зајакне секторот за млади на општинско ниво).

- Обезбедување на јасен буџет наменет за млади.
- Спортска сала со дрвен под и трибина за натпревари во танц.
- Прогласување на делот од почетокот на Шеталиштето заклучно со Тумбе Кафе за спортско-рекреативен центар.
- Изградба на терени за одбојка на песок.
- Изградба на спортски комплекс со мала и голема сала (ракомет, одбојка, кошарка), затворен и отворен базен, сали за пинг понг, игралишта за деца со справи и реквизити, тератана, сауна, куглана, стрелана, сала за боречки спортови, паркин простор и скејт парк за ролери.
- Изградба на сала за пинг-понг.
- Годишно одржување на бајк-парк Смолево.
- Организација на натпревар “Пелистер DOWNHIL куп.”
- Изградба на тренинг – центар за ФК Пелистер издвоен од Градскиот Стадион.
- Зголемена поддршка во организација на манифестации од областа на културата (Визија: културата како стратешка дејност за развој на Општина Битола).
- Ставање во функција на простор за невладин сектор.
- Изградба на игралишта за рекреативен спорт.
- Вклучување и поддршка на независната културна сцена со посебна програмска линија со дефинирани индикатори за доделување и евалуација во рамките на буџетот за култура и учество во одлучувањето.
- Изградба на летна сцена во Градски Парк.
- Поддршка на здруженија од културата и уметноста кои работат на инклузија на деца и лица со попреченост.
- Поддршка на манифестации кои промовираат, традиција, културно наследство и развој на туризмот.
- Зачувување на автентичноста на старата чаршија и нејзина промоција заедно со сите дуќанџии.
- Изработка на модерни експонати за фотографирање на различни локации низ чаршијата (ја привлекува младата генерација за да се фотографираат, а бенефит е промоција на чаршијата по органски пат).
- Мостот на љубовта како обележје.
- Заштитени зони, означување на влез и излез од чаршијата, плакати на самите објекти и куќи со кратка историја.
- Воведување на пакет за бесплатни консултантски и маркетинг услуги за секој нов бизнис.
- Предлог за електронски пречки за влез и излез од зоните за дотур на роба.
- Осврлетлување на реката Драгор долж чаршијата (лед диоди).
- Организација на натпревар за најдобар украсен излог.
- Поради зачувување на автентичноста на изгледот на старата битолска чаршија, а во соработка со НУ Завод и Музеј да се одредат строги правила и прописи за изгледот на дуќаните.
- Попуст со цвеќари, дуќани за украсување за мотивација на членовите за украсување на излозите во пролетен и летен период.
- Засадување на јапонски цреши од двете страни на реката(доколку има реална можност и климатски услови).
- Бесплатна Wi-FI зона низ цела чаршија.
- Мапа на историски објекти и знаменитости во чаршијата.
- Субвенции за реставрирање на фасадите во Стара Чаршија.
- Изградба на детско катче во Стара Чаршија.
- Уредување и означување на чешмите во чаршијата.

- Поставување урбана опрема во чаршијата.
- Регулирање на паркинг проблемот во чаршијата.
- Изградба на инфраструктурен проект за АРМ 2.
- Изградба на патна инфраструктура до објект Хераклеа, бр 53, АРМ1 (пат, осветлување и нова канализација и водовод) според детален урбанистички план и проект.
- Реконструкција на патна инфраструктура во Кравари.
- Реновирање на училиште во Кравари (надвор и внатре).
- Зголемување на средствата за мерење и зголемено мерење на бучавата во Општина Битола.
- Воведување на стипендии за талентирани ученици.
- Зголемување на средства за женски спорт во Општина Битола.
- Правно решавање (ЈПП) на тениските игралишта (Зодијак)
- Поддршка на Европско Првенство во тенис за деца до 14 години.
- Реконструкција на Бањата во Битола.

Дополнително, на прашање на една од учесниците на форумот во врска со предлозите кои се доставени до Општината по писмен пат а се однесуваат на јавната инфраструктура во градот и населените места, од страна модераторот беше дадена информација дека и овие предлози се во фаза на разгледување помеѓу општинските служби и дека поради обемноста на истите како и потребата од дополнителни анализи од технички, администативен, правен и финансиски аспект истите ќе бидат разгледани на Третата и Четвртата форумска сесија.

Форумот заврши со евалуација на сесијата и дефинирање на предлог датуми за одржување на третата и четвртата форумска сесија.

***Заклучоци и препораки***

**Како препораки до Градоначалникот и Советот на Општина Битола да се дадат:**

- Воведување на едносменски начин на работа на училиштата во општина Битола.
- Ставање во функција на заклучени или недоволно искористени подрачни училишта кои припаѓаат на Општина Битола, а се наоѓаат во природа, особено во подпелистериeто, за спроведување на разни активности со деца и млади во природа како форма за превенција на детското престапништво и поттикнување на здрави навики за раст и развој.
- Зголемување на буџетските ставки за поддршка на спортот и младите (со вклучување на Сојуз на спортови и граѓански сектор).
- Додатен простор за старски домови во Битола (Хотел Битола).
- Формирање на Општински Ресурсен центар за социјални услуги кои ги вршат НВО.
- Поголема поддршка на програмите на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво-Битола.
- Подобрување на организациските и управувачките тела на професионалните клубови во градот.
- Загревање на спортските сали во есенски-зимски период.
- Приоритет при издавањето на спортските сали за користење на спортските клубови/рекреативните спортисти.
- Решавање на статусот на стреланата – користење и доделување на објектот под концесија.
- Поддршка за производство на здрава храна-органика.
- Заштита на географско потекло на производи.
- Поддршка на индивидуалните спортови врз база на интернационалните успеси.
- Зголемување на буџетот за спортските клубови во градот (финансиска помош согласно постигнати резултати врз база на критериуми).
- Зголемување на буџетот за култура на општинско ниво одсегашните 1.5% од оперативниот

буџет на Општина Битола во најмалку 5% со што културата би станала сериозен фактор на социјална и економска кохезија и агрегат на позитивни промени.

- Зголемување на транспарентноста и партиципативноста на сите гранки од културата во креирањето на културни политики и одлучување за поддршка според јасни и препознатливи иникатори.
- Интеграција на културата, посебно програмите и организациите во локалната туристичка понуда и креирање иникатори за додадена туристичка вредност при оценување на предлозите.
- Приоритетна политика и зголемување на финансиската поддршка на традиционалните фестивали и манифестации со нивна категоризација и воведување на индикатори за успех.
- Трајно решавање на просторните проблеми на голем број здруженија, особено оние со активно членство (фоклор, танци, независна музичка сцена - простор за музички проби) преку користење на простор во урбаните заеднции со преземање на обврски за оддржување на истите.
- Затворање на втората пешачка зона во чаршијата.
- Изработка на попис на затворени дуќани и контакт со сопствениците за да се состави Каталог со цени за можни инвестиции.
- Барање од Општина Битола (инспекторат) до РЕК Битола да се постават задолжителните филтри против загадување и десулфуризација во 2024.
- Зголемено финансирање на универзитетскиот спорт во Опптина Битола.
- Отворање на конкурсите за спорт во ноември и декември за наредна година.
- Решавање на проблемот со загадување со радиоактивна пепел од отпепелување со стабилизација на пепелта био-нано полимери.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

Присутните граѓани на втората форумска сесија, согласно правилата на форумскиот процес извршија евалуација на истата користејќи однапред зададени формулари. По анализата на собраните формулари од страна на оперативната група констатирано е дека сите присутни кои пополниле евалуациски формулар ја сметаат реализираната форумска сесија за корисна. Понатаму, присутните граѓани сметаат дека втората форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања во целост. Од аспект на квалитет, организација и спроведување, форумската сесија доби средна оценка 4,4 на скала од 1 до 5, каде 5 е најдобра оценка.

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список,
- ☐ Листа на учесници по работни маси,
- ☐ Фотографии,
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Форумски модератор

Рубин Николоски